РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2093/2 (2020)
08-02-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81-та седница одржана на ден 03.02.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2093/1 од 01.06.2020 година, со наводи за незадоволство од одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување согласно Законот за спречување на корупцијата, од причина што предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право по однос на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување.

Предметот со број 12-2093/1 од 01.06.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 01.06.2020 година, поднесена е пријава со наводи за незадоволство од одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и оформен е предмет број 12-2093/1 од 01.06.2020 година.

Во случајот станува збор за поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер до ----------------------------------------, со кое подносителот побарал финансиска документација за работењето на наведениот орган. ------------------------------------ доставиле одговор по барањето, со кое дел од побараните информации ги доставиле на барателот, додека за останатиот дел навеле дека барателот не е овластено лице за да ги добие бараните информации од јавен карактер и во таа насока претпријатието нема право да ги даде истите. Во одговорот посочиле и дека доколку барателот сака да добие подетални информации или се сомнева во законитоста на работењето на претпријатието, може да поведе судска постапка во која со судска наредба ќе ги побара бараните информации. Незадоволен од одговорот, подносителот поднел жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, но до моментот на поднесување на пријавата во ДКСК, не добил одговор од агенцијата. Воедно, подносителот известува дека пријавата е доставена и до Министерство за правда, Народен правобранител и медиуми.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право на подносителот, по основ на поднесено барање за информација од јавен карактер, за кое се води постапка пред друг надлежен орган –

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, која согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер е надлежна да решава по жалби на баратели на информации од јавен карактер .

ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за наводи по прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk